# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>18.03.2020 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 55 |
|---|---|



**С О Д Р Ж И Н А**



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти | 2 |
| 2. | Заклучоци | 5 |
| 3. | Одлука за давање на времено користење на службени моторни возила сопственост на општина охрид на СВР - Охрид | 6 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИ КАКО И ЗА ВРЕМЕН ПРЕКИН НА ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЕЈКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за начин на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документаци како и за времен прекин на постапки за утврдување правен статус на бесправно изградени обејкти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.03.2020 година.

**Број 09-3172/6**
**18.03.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид (Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 10/19, ), а во врска со член 2 став 2 и 3, член 6, член 7, член 9 став 1 алинеа 4 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, како и во врска со заклучоците од седмата седница на Владата на Република Северна Македонија од 10.02.2020 година и препораките на УНЕСКО, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.03.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИ КАКО И ЗА ВРЕМЕН ПРЕКИН НА ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЕЈКТИ**

**Член 1**

Општина Охрид ја почитува и прифаќа реафирмацијата на определбата на Владата на Република Северна Македонија да се зачува статусот светско наследство на УНЕСКО на природното и културното наследство на Охридскиот регион.

**Член 2**

Се воведува времен прекин на сите постапки кои се однесуваат на издавање одобрение за градење, одобрение за надградба и одобрение за доградба, односно спроведување на детални урбанистички планови, урбанистички планови вон населено место, урбанистички планови за село, општи акти за села, урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проекти и тоа:

- Во крајбрежен појас на Охридско Езеро дефиниран со Планот за управување сосветското природно и културно наследство на Охридскиот регион

- Во граници на Старото градско јадро на Охрид дефинирани со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значеjе
- Во граници на археолошки локалитети
- За поединечни заштитени добра.

**Член 3**

Сите постапки со добиено одобрение за градење можат да продолжат со реализација.

**Член 4**

Оваа Одлука не се однесува на барања за изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти и на барања за градби од јавен интерес од државно и локално значење.

**Член 5**

Оваа Одлука не се однесува на барања за:

- Извод од план
- Решение за измени во тек на градба
- Промена на инвеститор
- Реконструкција, адаптација и пренамена
- Решение за градби за кои не се издава одобрение за градење
- Отпочнати постапки за издавање на одобрение за градење, одобрение за надградба и одобрение за доградба
- Отпочнатите постапки за отуѓување на градежно земјиште.

**Начин и постапка за спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020- 2029)**

**Член 6**

При издавање изводи од детални урбанистички планови, урбанистички планови вон населено место, урбанистички планови за село, општи акти за села, урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проекти, да се наведе потребата од примена на Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020- 2029) при изработката на идејните и основните проекти.

При изработката на идејни и основни проекти да се применуваат насоките од Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020- 2029).

Во постапките за одобрување на идеен проект за парцели во контактна зона на Старо градско јадро на Охрид, барателите се должни да достават мислење на проектот од аспект на примена на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, издадено од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид.

**Времен прекин на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Охрид**

**Член 7**

Се прогласува времен прекин на постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на територијата на Општина Охрид и тоа за изградени објекти:

- Во крајбрежен појас на Охридско Езеро дефиниран со Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020- 2029)

- Во граници на Старото градско јадро на Охрид дефинирани со Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење
- Во граници на археолошки локалитети
- За поединечни заштитени добра
- Во граници на Национален парк Галичица
- За градби за кои барањето се однесува на целиот објект со намена:

  А2 домување во станбени згради
  А3 групно домување
  А4 времено сместување
  Б2 големи трговски единици
  Б3 големи угостителски единици
  Б4 деловни дејности
  Б5 хотели
  Г1 тешка индустрија

За останатите барања за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, постапката продолжува со тоа што во барањата ќе биде приложено позитивно решение за одобрување на елаборат за заштита на животна средина согласно член 24 од Законот за животна средина и позитивно мислење од Управата за заштита на културното наследство, изработени согласно Препораката број 9 од Извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2017 година.

**Член 8**

Оваа Одлука ќе се применув заклучно со 01.10.2020 година.

**Член 9**

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-3172/3**
**18.03.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВААТ Заклучоците** што ги донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.03.2020 година.

**Број 09-3172/7**
**18.03.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 18 став од Статутот на општина Охрид (Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07, 1/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 10/19, ) и член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.03.2020 година, ги донесе следните:

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Советот на општина Охрид ги задолжувасите јавни претпријатија основани од општина Охрид да ги испитаат законските регулативи и можности за донесување на соодветни мерки за олеснување на обврските према правните субјекти и физичките лица кои што во согласно со мерките и препораките за заштита од Корона вирусот КОВИД-19 донесени од Владата на РСМ имаат забрана за извршување на својата дејност и за период од 10 дена да достават информација до Градоначалникот и Советот на општина Охрид и тоа:

   - Дали постои законска можност да не се испорачуваат фактури од јавните претпријатија кон комитентите во периодот кога не обавуваат дејност.
   - Дали постои законска можност да не се пресметува казнена камата за извршените плаќања на сметки после утврдениот законски рок во периодот додека траат мерките и препораките за заштита од Корона вирусот КОВИД-19 донесени од Владата.

2. Советот на општина Охрид ги задолжува Секторот за Урбанизам и управување со градежно земјиште, Секторот за даноци и комунални такси да ја испитаат законската регулатива за периодот за кој што правните субјекти и физичките лица не ја обавуваат дејноста врз основа на донесените мерки од владата на РСМ за справување со Корона вирусот КОВИД-19 да бидат ослободени од надомест за краткотраен закуп и комунална такса.

3. Советот на општина Охрид ја задолжува правната служба да ја испита законската можност за времено запирање на присилната наплата и извршните побарувања и пресметување и наплата на камата и пеналии на правните субјекти и физички лица кои што по кој било основ се засметуваат од страна на општина Охрид во периодот додека траат мерките и препораките за заштита од Корона вирусот КОВИД-19 донесени од Владата.

**Број 08-3172/4**
**18.03.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**ЖивкаАнгелоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА СВР - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање на времено користење на службени моторни возила сопственост на општина охрид на СВР - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.03.2020 година.

**Број 09-3172/8**
**18.03.2020 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.03.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА СВР - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се даваат на времено користење за период од 90 дена 3 службени патнички моторни возила во сопственост на Општина Охрид на СВР – Охрид, со следните технички карактеристики:

- Марка: **MERCEDES BENZ - KOMBI**
  - Број на шасија :**WDB9036721R541153**
  - Тип на мотор: **611987**
  - Боја: **БЕЛА**
  - Сопствена маса: **1995 kg**
  - Година на производство : **2003**
- Марка: **FORD FUSION**
  - Број на шасија: **WFOUXXGAJU9C24048**
  - Број на мотор: **FXJA/9C24048**
  - Боја: кафена
  - Моќност на моторот: **59KW**
  - Година на производство: **2010**
- Марка: **FORD FUSION**
  - Број на шасија: **WFOUXXGAJU9C20188**
  - Број на мотор: **FXJA/9C20188**
  - Боја: небесно сина
  - Моќност на моторот: **59KW**
  - Година на производство: **2010**

**Член 2**

Наведените моторни возила од член 1 на оваа одлука се даваат на времено користење на СВР - Охрид без надомест.

**Член 3**

Трошоците за гориво и користење на моторните возила ќе ги сноси СВР – Охрид.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3172/5**
**18.03.2020 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**